# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ОД МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОД ПРВО ДО ПЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ)" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р БЛАЖЕ КИТАНОВ И АСС. М-Р ИРЕНА КИТАНОВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.2102-338/12 од 65. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 9.12.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, редовен професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип;
- проф. д-р Соња Петровска, вонреден професор, Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев", Штип.

Рецензентската комисија имаше за задача изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„Практикум од Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование од прво до петто одделение)"** од **проф. д-р Блаже Китанов и асс. м-р Ирена Китанова**, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Материјалот на ракописот со наслов **„Практикум од Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование (од прво до петто одделение)"** од авторите **проф. д-р Блаже Китанов и асс. м-р Ирена Китанова** е потполно компатибилен со Наставниот план и содржините на предметот Методика на наставата по македонски јазик 1 и 2, кој според студиската програма на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип се изучува како задолжителен предмет на студиската насока Одделенска настава во седми семестар со фонд на часови (2+2+2) и осми семестар со фонд на часови (2+2+1) и се вреднува со 8 кредити.

Ракописот е наменет како основна литература во изучувањето на наставните содржини по горенаведените предмети. Наставните содржини се презентирани јасно и концизно со соодветни примери кои овозможуваат полесно разбирање и усвојување на метеријата.

***Податоци за обемот ракописот***

Ракописот е напишан на македонски јазик во А4 формат, фонт Times New Roman; големината на буквите кај насловите е 14, а на содржините 12. Текстот содржи 335 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет. Практикумот содржи 9 поглавја, со литература.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Практикумот претставува квалитетен труд кој ќе им помогне на студентите - идни наставници полесно да го совладаат материјалот, а воедно и да ги надградат своите знаења од оваа област. Ваков тип на практикум од областа на методиката по македонски јазик за првпат се објавува кај нас и заради тоа го прави значаен за студентите на Одделенска настава.

***Краток опис на содржината***

Практикумот содржи 9 поглавја со над четириесетина методски прикази на наставни содржини по десет за секое одделение, реализирано од студенти, наставници - ментори и од авторите на овој практикум. Сите прикази претставуваат еден вид автентичен практикум кој е резултат на едно драгоцено искуство реализирано и црпено од непосредната педагошка практика. Оттука, овој практикум може да послужи како корисно упатство за наставниците од основните училишта и за идните наставници кои се едуцираат и подготвуваат на педагошките факултети кај нас.

Во првото поглавје ***Примена на Блумовата таксономија*** се нотирани стандардите за оценување на постигањата на учениците во основното образование кои се усогласени со Блумовата таксономија на наставните цели. Во второто поглавје, во предбукварскиот период се дадени активности за гласови и зборови со кои се испитуваат предзнаењата за читање и пишување, а за букварскиот период се дадени активности за изучување на печатните и ракописните букви. Во овој дел се дадени и примери со наставни ливчиња.

Во побукварскиот период е застапена интерпретацијата на уметнички текст како посебно поглавје. Тука се интерпретираат приказни, песни, епски песни, басни и други видови на книжевни форми.

Во петтото поглавје ***Усно и писмено изразување*** се даваат примери за говорни и писмени вежби; во шестото поглавје ***Граматика*** се дадени примери од граматиката и правописот; во седмото поглавје ***Лектира*** се интерпретираат примери на различни книжевни жанрови од првите одделенија на основното училиште. Во осмото поглавје ***Оценување на учениците се даваат примери со прашања и тестови за евалуација на стекнатото знаење кај учениците. Во последното поглавје Организација на работен ден со интегрирани цели (ротација на групи) од повеќе наставни подрачја*** се интерпретирани методски прикази кои интегрираат наставни содржини реализирани во повеќе проекти: Чекор по чекор, Активна настава-интерактивно учење, Читање и пишување до критичко мислење и др. На крајот е приложена литература од педесетина домашни и странски библиографски извори.

## З А К Л У Ч О К

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека приложениот ракопис за **практикум** по предметите Методика на наставата по македонски јазик 1 и 2 на мошне јасен и едноставен јазик ги обработува, дополнува и збогатува предметните содржини и е потполно во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за образовни науки. Практикумот е особено важен и неопходен за студентите од Одделенска настава за полесно практично совладување на наставните содржини по наведениот предмет. Освен тоа, сметаме дека овој практикум ќе ја развие фантазијата, инвентивниот и креативен дух кај студентите и ќе ги мотивира за понатамошна поплодотворна апликативна работа во воспитно-образовниот процес.

Согласно со ова, на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки со задоволство го препорачуваме **„Практикум од Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование (од прво до петто одделение)"** од **проф. д-р Блаже Китанов и асс. м-р Ирена Китанова** да го прифати како рецензиран практикум во електронска форма.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**
**Проф. д-р Соња Петровска, с.р.**